TITAN
CEMENTARNICA USJE

ОДГОВОРНОСТ - ПАРТНЕРСТВО - РАЗВОЈ
ЗАЕДНО ЗА ПОДОБРА ИДНИНА!

# ИЗВЕШТАЈ 2012

## ЗА КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ И ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ












TITAN
CEMENTARNICA USJE

# СОДРЖИНА


- ПРОФИЛ НА ГРУПАЦИЈАТА ТИТАН ........ 2
- ПРОФИЛ НА УСЈЕ ........ 3
- ПОРАКА ОД ГЛАВНИОТ ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР ........ 4
- КРАТОК ПРЕГЛЕД НА 2012 ........ 6
- НАШЕТО ДЕЛУВАЊЕ ........ 8
- СТРАТЕГИЈА ЗА КОО И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ ........ 10
- КОО ДЕЛУВАЊЕ ........ 11
  - БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ........ 12
  - НАШИТЕ ЛУЃЕ ........ 13
  - ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ ........ 19
- ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ ........ 24
  - СЛУШАМЕ И ДЕЛУВАМЕ ........ 26
  - ВРЕДНУВАЊЕ НА КЛИЕНТИТЕ ........ 28
  - РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА ........ 29
  - КОРПОРАТИВНО ВОЛОНТИРАЊЕ ........ 33
- ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ ........ 34
- ИНИЦИЈАТИВАТА ГЛОБАЛЕН ДОГОВОР НА ОН ........ 35



# ПРОФИЛ НА ГРУПАЦИЈАТА ТИТАН



Групацијата ТИТАН е независен, вертикално интегриран производител на цемент и градежни материјали со 110 години индустриско искуство. Со седиште во Грција, Групацијата ТИТАН поседува цементарници во 9 држави и вработува повеќе од 5.500 лица ширум светот. Главни производи се цемент, бетон, агрегати, градежни блокови и лебдечка пепел под името ProAsh®.



Со производите на  ТИТАН се задоволуваат основните општествени потреби и нивните карактеристики вклучуваат безбедност, издржливост, ефикасност на ресурсите, заемна поврзаност, заштеди на енергија, како и естетски изглед.












## НАЈВАЖНИ НАСТАНИ ВО 2012

Во 2012 година, Групацијата ТИТАН прослави:

**110 години** од основањето на првата фабрика во Елефсина, Грција

**100 години** на берзата во Атина

**10 години** активно учество во иницијативата Глобален договор на ОН

ГРУПАЦИЈАТА ТИТАН Е ЧЛЕНКА НА:

World Business Council for Sustainable Development

CSR EUROPE

## ВРАБОТЕНИ

| | |
|---|---|
| САД | 1 715 |
| ГРЦИЈА И ЗАПАДНА ЕВРОПА | 1 161 |
| ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА | 1 629 |
| ИСТОЧЕН МЕДИТЕРАН * | 1 031 |
| ВКУПНО: | 5 536 |

* Вкупен број вработени пресметан за заеднички потфати

## САД

| | |
|---|---|
| Цементарници | 2 |
| Копови | 6 |
| Бетонски бази | 90 |
| Дистрибутивни терминали | 14 |
| Погони за бетонски блокови | 9 |
| Погони за обработка на лебдечка пепел* | 8 |

* Еден погон за лебдечка пепел во Канада

## ГРЦИЈА И ЗАПАДНА ЕВРОПА

| | |
|---|---|
| Цементарници | 3 |
| Погони за дробење | 1 |
| Копови | 28 |
| Бетонски бази | 28 |
| Дистрибутивни терминали | 4 |
| Погон за сув малтер | 1 |
| Погон за обработка на лебдечка пепел | 1 |

* Еден погон за лебдечка пепел во Канада

## ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

| | |
|---|---|
| Цементарници | 5 |
| Копови | 11 |
| Бетонски бази | 6 |
| Дистрибутивни терминали | 2 |
| Постројки за обработено индустриско гориво | 1 |

## ИСТОЧЕН МЕДИТЕРАН

| | |
|---|---|
| Цементарници | 3 |
| Погони за дробење | 2 |
| Копови | 17 |
| Бетонски бази | 4 |
| Дистрибутивен терминал | 1 |





# ПРОФИЛ НА УСЈЕ

Цементарница УСЈЕ АД Скопје (или УСЈЕ) е основана во 1955 година во близина на селото Усје во југоисточниот дел на градот Скопје. Во 1998 година, УСЈЕ беше преземена од Групацијата ТИТАН. Компанијата има 319 директно вработени и 224 индиректно вработени. Компанијата исто така соработува со над 571 (78%) локални добавувачи и изведувачи.

Водечката цел на нашата Групација е да прерасне во мултирегионален, вертикално интегриран производител на цемент, комбинирајќи го претприемничкиот дух и извонредното работење со **почит** кон **луѓето**, **општеството** и **животната средина**.

Постигнувањето на оваа цел бара рамка на усогласени принципи и вредности кои го определуваат нашето секојдневно однесување и пракса. Оваа рамка експлицитно ги дефинира нашите одговорности кон сите засегнати – директно или индиректно – од нашите деловни активности. Нашето дејствување ги изразува нашите обврски кон сите наши засегнати страни.

1. **Кон нашите акционери:** Се стремиме да обезбедиме доволен принос на нивниот капитал, да ја штитиме нивната инвестиција и да бидеме транспарентни во сите наши активности.
2. **Кон нашите клиенти:** Даваме сè од себе за да обезбедиме квалитетни производи и услуги под конкурентни услови, создадени според потребите на нашите клиенти и поддржани од неопходното технолошко, еколошко и комерцијално искуство.
3. **Кон нашите вработени:** Нашата работна сила е нашиот највреден ресурс. Почитувањето на нивните човекови права, обезбедувањето безбедни, отворени, недискриминирачки, разновидни и добри работни услови и ставањето акцент врз развојот на вработените, се клучни за Групацијата ТИТАН да ги постигне своите цели.
4. **Кон нашите деловни соработници:** Ние веруваме во заемно корисните односи со нашите изведувачи и добавувачи  и посветени сме на промовирање на одговорни практики за управување со синџирите на снабдување.
5. **Кон општеството:** Наше уверување е дека општествено одговорните компании придонесуваат кон просперитетот и напредокот на општеството како целина. Нашата посветеност кон корпоративната општествена одговорност и одржливиот развој, претставува интегрална компонента на нашата водечка цел.

| НАШИОТ КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ СЕ ТЕМЕЛИ НА НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ | | |
|---|---|---|
| ИНТЕГРИТЕТ | ПРОФЕСИОНАЛНО ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ (KNOW-HOW) | ВРЕДНОСТ КОН КЛИЕНТИТЕ |
| ИСПОРАЧУВАЊЕ РЕЗУЛТАТИ | ПОСТОЈАНО ПОДОБРУВАЊЕ | КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ |





# ПОРАКА ОД ГЛАВНИОТ ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

Особена чест и задоволство е да се претстави уште еден годишен Извештај за корпоративната општествена одговорност и одржлив развој на Цементарница УСЈЕ АД Скопје. Задоволството е уште поголемо бидејќи овој документ е потврда за заложбите на Цементарница УСЈЕ за транспарентно работење, посветеност и отворен партнерски однос кон сите заинтересирани страни. Наш приоритет и дел од нашата компаниска култура претставува инволвирањето, интеракцијата и отворената комуникација со сите наши засегнати страни.

Во работното секојдневие, секој од нас во УСЈЕ е посветен на реализација на краткорочните и долгорочните компаниски цели, работата си тече, активностите се имплементираат... Неодминливо е чувството на задоволство кога ќе се свртиме назад, кон годината што изминала, и кога на едно место ќе ги видиме резултатите од нашиот колективен труд и заложба. Секоја следна година претставува нов предизвик, нови цели и приоритети во насока на унапредување на нашата компанија, но и унапредување и развој на заедницата.

Овие заложби за хармонизација со потребите на заедницата и нашите соработници, беа препознаени, потврдени и наградени со Националната награда за најдобра општествено одговорна практика. Тоа за нас е само дополнителен мотив да продолжиме во насоката по која веќе со години се движиме.

Иако во специфични економско-општествени услови што настанаа како резултат на глобалната економска криза, Цементарница УСЈЕ не отстапува од вложувањата кои придонесуваат за долгорочен и одржлив развој на деловен план, но особено во заштитата на животната средина. Во тој правец, во 2012 година Цементарница УСЈЕ започна со процесот на третман на атмосферски и површински води, со што директно придонесуваме за заштита на водата како природен ресурс. УСЈЕ од 2011 година поседува А-Интегрирана еколошка дозвола согласно чии услови доследно работи, а во текот на 2012 година направивме заложби за уште еден исчекор кон светските трендови во цементната индустрија во насока на А-Интегрираната еколошка дозвола за замена на дел од фосилните горива со алтернативни.

Во креирањето на компаниската политика и нејзината имплементација, за УСЈЕ на прво место се луѓето, без оглед дали станува збор за нашите вработени, нашите соработници, нашите соседи или за пошироката заедница. Компанискиот успех без дилеми се должи на човечкиот капитал на УСЈЕ. Поради тоа, наш приоритет е безбедноста и здравјето при работа како на нашите вработени, така и на сите соработници. Континуирано целиме кон нула несреќи на работното место преку обезбедување безбедни услови и средства за безбедно работење, како и со постојани програми за обука на нашите вработени и изведувачи.

Од друга страна, редовните здравствени контроли за вработените ги проширивме и во други сегменти, со што директно влијаеме во здравствената превенција на нашите луѓе.

Вредно е да се спомене дека соработката со локалната заедница, како и во годините наназад се заснова на партнерски однос, во согласност со потребите на општината, а со особен акцент на училишните и инфраструктурните проекти поврзани пред сè со безбедноста и здравјето на најмладите.

Продолжуваме одлучни во намерата за одржлив развој преку раст на деловните активности и позитивна интеракција со сите засегнати страни и развивање на заедницата. Имаме квалитетни производи, тежнееме да го зголемиме уделот на пазарите, имаме солиден биланс на успех и едноставна структура, а пред сè имаме посветен и мотивиран тим вработени.

Придружете ми се во изразувањето благодарност за нивниот придонес и континуираните заложби.

Борис Хрисафов,
Главен извршен директор





# КРАТОК ПРЕГЛЕД НА 2012 ГОДИНА

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ



- ✓ **Нула фатални** и нула сериозни несреќи
- ✓ **82% намалување** во бројката на LTI (изгубено време поради повреди) од 2005
- ✓ 27% намалување во LTIFR (стапка на зачетеност на LTI) од 2005
- ✓ УСЈЕ ја освои **Националната НАГРАДА ЗА НАЈДОБРА ПРАКТИКА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО 2012**

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ



### Нашите вработени, изведувачи, добавувачи и купувачи

- ✓ **100%** од вработените на нашите изведувачи поминаа обука за безбедност и здравје преку нашиот нов процес за Управување со изведувачи
- ✓ **78%** од нашите добавувачи и изведувачи се **локални**, со што УСЈЕ обезбедува работа и приходи за локалните компании во износ поголем од **35 милиони евра** годишно
- ✓ **5 800** часа обука за сите вработени, односно повеќе од **18** часа обука по вработен
- ✓ Со цел да се подобри добросостојбата на нашите вработени, **2/3 од сите вработени** поминаа дополнителни кардиолошки медицински прегледи, сите вработени жени поминаа гинеколошки прегледи, како и прегледи за мамографија и рак на дојката. Оваа година се воведе и превентивен преглед за остеопороза за сите вработени жени.

* Повеќе од **150 директни посети** на наши купувачи од страна на менаџментот и други клучни вработени за идентификување на нивните потреби и забелешки

* Воведена е услугата **Е-НАЛОГ**



## Комуницирање со засегнатите страни

- ✓ Организиравме **Ден за комуникација со засегнатите страни** со цел да им го претставиме нашиот Извештај за корпоративна општествена одговорност и одржлив развој на сите наши засегнати страни, локалната заедница, клиенти, изведувачи и добавувачи, други бизниси, како и релевантни партнери од сферата на животната средина од МЖСПП, невладините организации, релевантни претставници на академските кругови и да ги слушнеме нивните мислења.
- ✓ **Ден за комуникација со вработените на УСЈЕ**
  Цементарница УСЈЕ организираше Ден за комуникација со вработените во јуни 2012 година.



## ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

- ✓ Намалување од 1% на специфичните емисии на CO2 на тон клинкер во споредба со претходната година
- ✓ Намалување на емисиите на прашина и SOx над таргетите за 2015 година (30 mg/Nm$^3$ и 400 mg/Nm$^3$)
- ✓ УСЈЕ е првата индустрија во државата која ги прочистува атмосферските води и водите од чистење на улиците
- ✓ Дополнување на А интегрираната еколошка дозвола во правец на замена на фосилните со алтернативни горива.

Повеќе од 22.000 дрвца, садници и цвеќиња се засадија во 2012 година во нашите копови и локалната заедница.

## Развој на заедницата

- ✓ Проект Партнерство со училиштата
- ✓ Стипендии за додипломски и МВА студии
- ✓ Поддршка на децата со посебни потреби
- ✓ Менаџментот и вработените на УСЈЕ **доброволно** се приклучија на акцијата **„Македонија без отпад 2012“.**




## ПРИЗНАНИЕ ЗА КОО

УСЈЕ доби Национална награда за најдобри општествено одговорни практики за 2011 година во категоријата *Односи со вработените*, како и признание во категоријата *Етичко управување*.

Покрај овие, УСЈЕ се стекна и со специјално јубилејно признание за континуирано применување на најдобри општествено одговорни практики.

## ИНИЦИЈАТИВА ГЛОБАЛЕН ДОГОВОР НА ОН

- ✓ Говорници за човекови права во индустријата за цемент/ Б & 3 на Првата регионална конференција на локални мрежи на ГД во Солун
- ✓ Панелисти на Првата конференција за бизнис и човекови права во Женева
- ✓ Присуство на Третата европска конференција на локални мрежи од Глобалниот договор на ОН во Белград
- ✓ Членови на Надзорниот одбор на Локалната мрежа на Глобалниот договор на ОН во Македонија.



# НАШЕТО ДЕЛУВАЊЕ







РЕКУВИЛТИВАЦИЈА НА КОПОВИТЕ

ИСКОПУВАЊА

> **1,5 милиони** тони суровини ископани од 3 активни копови
> **1,1 милиони m²** е вкупната површина на активните копови, од кои само **627 000 m²** се зафатени со активности
> **42 000 m²** од активните копови биле ревитализирани во 2012 со пошумување со локални дрвца и грмушки

> Околу **150 000** дрвца засадени од страна на УСЈЕ или донирани на трети лица од 1998, додека само во 2012 беа засадени повеќе од **22 000** дрвца
> Околу **900 000 евра** инвестирани во подобрување на заштитата на животната средина во 2012

Вкупни годишни емисии:
> Прашина **16,6** метрички тони
> NOx **1854** метрички тони
> SOx **47,8** метрички тони







ЕКОЛОШКИ РЕШЕНИЈА








## ПРОИЗВОДСТВО НА ЦЕМЕНТ

## ПРОИЗВОДСТВО НА ГОТОВ БЕТОН

> За нови инвестиции во основни средства: повеќе од **68 милиони евра** од 1998

> Повеќе од **65 000 евра** потрошени за програми за развој на заедницата преку донации во готовина и во материјали во 2012

> **317 учесници во програми за обука**, вклучувајќи ги сите наши вработени, со **18,1 часови обука по вработен** во 2012

## БЕТОНСКИ СТРУКТУРИ ЗА ОПШТЕСТВОТО



1963 - УСЈЕ обезбедува материјал за реконструкција на Скопје по земјотресот

1967 – УСЈЕ ги инсталира првите електростатски филтри во поранешна Југославија

2000/2001 – Инсталиран е врећест филтер и реконструиран е ладилникот за клинкер на печка бр. 3

2002/2003 – Инсталиран е врећест филтер на печка бр. 4

2004 – Инсталиран е систем за независно автоматско 24-часовно мерење на емисиите

2004 – Сертификација за Системот за квалитет ISO 9001:2000

2006 – Сертификација за Системот за управување со животната средина ISO 14001:2004

2008 – УСЈЕ станува членка на Глобалниот договор на ОН во Македонија

2009 – За првпат во регионот и во Групацијата ТИТАН, УСЈЕ започнува со континуирано јавно објавување на податоците од еколошките мерења

2009 – УСЈЕ воспоставува Одбор за КОО

2010 – Воспоставен систем за управување со добавувачите од аспект на безбедност и здравје

2010 – УСЈЕ го објавува првиот Извештај за КОО и одржлив развој

2010 - УСЈЕ доби национална награда за најдобри КОО практики во категоријата односи со вработените и признание од општината Кисела Вода

2010 - УСЈЕ го организира првиот Форум за учество на засегнатите страни

2011 – Сертификација за Системот за управување со безбедност и здравје при работа OHSAS 18001:2007

2010-2011 – 556 дена без несреќа на работното место

2011 – УСЈЕ добива А – интегрирана еколошка дозвола (А-ИСКЗ)

2011 – УСЈЕ добива национална награда за најдобри КОО практики во категоријата *Животна средина* и три плакети во категориите *Инвестирање во заедницата, Односи со вработените и Етичко управување*

2011 – УСЈЕ го организира првиот компаниски Отворен ден

2012 - Организиравме Ден за комуникација со засегнатите страни за претставување на нашиот Извештај за КОО за 2011 на сите засегнати страни

2012- Организиран е првиот Ден за комуникација со вработените на УСЈЕ

# СТРАТЕГИЈА ЗА КОО И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ

Нашата визија за КОО е да „работиме на етички и општествено одговорен начин со нанесување помалку штета и обидувајќи се да направиме повеќе добро“. Оваа визија е застапена во севкупното наше работење и во КОО иницијативите кои ги земаат предвид локалните околности и услови, како и утврдените општествени и еколошки потреби во државата и во локалните заедници каде што ние работиме.

Компанијата ги следи воспоставените глобални најдобри практики за корпоративно управување во своето раководење и има пет неизвршни членови во својот Одбор на директори, од кои двајца се независни.

## ВАЖНИ НАСТАНИ ЗА КОО И КОРПОРАТИВНО УПРАВУВАЊЕ:

- 2008 – УСЈЕ се приклучи кон Глобалниот договор на ОН
- 2008 & 2006 – усвоени се Политиката за безбедност и здравје и Политиката за животна средина
- 2009 – УСЈЕ е една од водечките членки во Групацијата ТИТАН и е првата компанија која воспостави Одбор за КОО кој го сочинуваат топ-менаџментот, како и менаџери на клучните сектори поврзани со КОО
- Од 2009 па наваму – УСЈЕ редовно го издава својот Извештај за КОО и одржлив развој и известувања во согласност со Иницијативата за глобално известување
- 2010 – Усвоена Политика за КОО и Визија за КОО

## ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И ОДБОР ЗА КОО




## ЗАЛАГАЊЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ И ЗАЕДНИЧКО ДЕЈСТВУВАЊЕ

Со цел да се овозможи долгорочен развој и одржливост на работењето, компаниите вложуваат напори за да придонесат кон развојот на заедницата. Овој пристап е од суштинска важност за успехот на секоја компанија. Водејќи се од ваквиот став, Цементарница УСЈЕ АД Скопје го презентираше својот Извештај за КОО и одржлив развој за 2011 и организираше тркалезни маси на кои се разговараше за ефектите од преземените дејства во поглед на развојот на заедницата.

Присутни беа сите засегнати страни: добавувачи, купувачи, претставници од институциите за животна средина, НВО, претставници од локалната заедница и бизнис заедницата. „Вклучување на заедницата и развој – одговорен бизнис“, „Одржливото производство и животната средина“ и „Општествена одговорност – купувачи и изведувачи“ беа трите тематски области на кои присутните дискутираа.








# КОО ДЕЛУВАЊЕ

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ

Во УСЈЕ безбедноста при работа отсекогаш претставувала врвен приоритет. Целта на Групацијата за нула повреди и стремежот да биде лидер во работењето во индустријата за градежни материјали, го поттикнуваа УСЈЕ на континуирани заложби кон совршеност во поглед на безбедноста.

При воспоставувањето култура на безбедност постојат значајни предизвици, не само за нашите вработени, туку и за изведувачите како трети лица и за транспортерите кои превезуваат суровини и производи.

Наша цел е да ја постигнеме нашата визија за безбедна работна средина без инциденти, повреди и несреќи

| Цели 2011 | Резултати 2012 | Цели 2015 |
|---|---|---|
| Да се заврши процесот на сертифицирање за OHSAS 18001:2007 | Континуирано подобрување; Успешен надворешен аудит на системот OHSAS 18001:2007 | Континуирано подобрување; Редовен аудит и ресертификација |
| Нула фатални и нула сериозни несреќи | Нула фатални и нула сериозни несреќи | Одржување на нула фатални и нула сериозни несреќи |
| Континуирано намалување на изгубеното време поради повреда (LTI), LTI стапката на зачестеност (LTIFR) и LTI стапката на сериозност (LTISR) | LTI и LTI стапката на сериозност се зголемија во споредба со 2011 како резултат на две повреди кои се случија во текот на годината наспрема само една во 2011 | Постигнување и одржување на нула LTI, LTIFR и LTISR |
| Имплементирање на новиот процес за Управување со безбедноста на изведувачите | Целосна имплементација на процесот за Управување со безбедноста на изведувачите | Постигнување на целосна усогласеност со CSI принципите на процесот на управување со безбедноста на изведувачите |



## ПОКАЗАТЕЛИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ

Резултатите од мерките за безбедност и здравје постојано се следат, се мерат, се развиваат и се подобруваат.




*LTI – (Lost Time Injury) - Отсуство поради повреда (LTI) се дефинира како повреда на работното место која предизвикува отсуство од еден или повеќе работни денови (или смени), почнувајќи од денот по повредата до враќање на вработениот на вообичаените или ограничени работни обврски. Ова ги исклучува повредите при превоз од и до работа, повреди како резултат на кривични дејства и повреди кои се должат на природни причини.

**LTIFR – Бројот на LTI годишно на 1.000.000 работни часови, т.е. LTI Индекс на зачестеност = (Број на отсуства поради повреда во текот на годината x 1.000.000)/Вкупен број на ефективно одработени часови на вработените во текот на годината.

***LTISR – Број на изгубени календарски денови како резултат на повреда во годината во однос на 1.000.000 одработени часови, т.е. LTI Стапка на сериозност = (Број на изгубени календарски денови во годината x 1.000.000)/Вкупен број на ефективни одработени часови на вработените во текот на годината.

# НАШИТЕ ЛУЃЕ

## КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ

Како дел од постојаната заложба за успешно управување со одржливоста, Кодексот на однесување на Групацијата ги утврдува принципите на однесување кон кои треба да се придржува секој вработен.

Исто така, нашиот кодекс го споделуваме со деловните партнери, како што се изведувачите и добавувачите.

Во 2012 година беше извршена ревизија на Кодексот на однесување на Групацијата, како одговор на потребата за понатамошна кохезија по растот на Групацијата во многу земји, а земајќи ги предвид и очекувањата на засегнатите страни.

Во Кодексот на однесување на Групацијата се вклучени голем број нови области, вклучувајќи меѓу другото одредби во однос на инсајдерско тргување, комуникација, доверливост, средства на Групацијата, фер конкуренција, финансиско и нефинансиско известување и изразување загриженост. Областите кои се збогатени во новиот Кодекс вклучуваат натамошна грижа за човековите права, правичната конкуренција, сообразноста, митото и корупцијата, подароци и донации, односи помеѓу вработените, односи со потрошувачите и добавувачите и спроведување на Кодексот.




## ДЕН ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ВРАБОТЕНИТЕ ВО УСЈЕ

Првиот Ден за комуникација со вработените на УСЈЕ беше организиран во јуни 2012 со присуство на околу 70 наши вработени од сите сектори. Главниот извршен директор на Цементарница УСЈЕ, г. Борис Хрисафов, г. Константинос Дердемезис, регионалниот директор на Групацијата ТИТАН, како и специјалниот говорник на настанот, гувернерот на Народната банка на Република Македонија г. Димитар Богов, се осврнаа на актуелните случувања во цементната индустрија и во светот на финансиите, како и на економските трендови во Европа и во Македонија.





# ВРАБОТУВАЊЕ

Политиката и визијата за човечки ресурси на ТИТАН е осмислена за да „обезбеди посветена работна сила, како емоционално, така и ментално“ и потврдувајќи дека одржливиот раст се темели на карактерот, однесувањето и соработката на нашите луѓе, кои впрочем се стожерот на нашата Водечка цел и на нашата Стратегија.

Ние се залагаме за:

**– Градење и задржување на посветена работна сила и етаблирање на ТИТАН како посакуван работодавец преку:**

• Избор на најсоодветниот кандидат кој треба да му се придружи на ТИТАН

Во Групацијата ТИТАН „вработуваме карактер, а обучуваме за вештини“, при што особено внимание посветуваме на личните особини без да се занемарат квалификациите на кандидатот.

Во сите наши одлуки поврзани со изборот на вработување се применува принципот на еднакви можности, а истовремено сме насочени кон вработување од локалната средина.

• Континуиран развој на вработените

Развојот на вработените започнува со евалуација на работењето во поглед на извршената работа, како и на начинот на однесување. Целта е вработените да добијат отворени и искрени повратни информации кои се осврнуваат на силните страни што треба и натаму да ги применуваат, но и на областите за кои е потребно натамошно развивање.

• Наградување по принцип на резултати и признанија

Нашата цел е да ја етаблираме компанијата како посакуван работодавач со обезбедување конкурентни и фер практики на наградување за работата, земајќи ги предвид околностите на пазарот на труд и принципот на праведност.

Покрај ова, наградата се поврзува со резултатите, начинот на работа и прикажаниот потенцијал.

Особена важност се придава на непаричните, „нематеријални“ награди и признанија, како што се секојдневната пофалба за одличните резултати.

**– Градење доверба преку „живеење“ на нашите вредности и однесување со заемна почит, соработка и отворена двонасочна комуникација.**

**– Почитување на човековите права, нивно унапредување во областа на нашето делување и обезбедување безбедна работна средина во која се работи во согласност со законот.**

Вработувањето во ТИТАН се карактеризира со долгорочен работен однос со вработените. Бројот на директни вработени во 2012 година изнесуваше 319, додека, пак, бројот на индиректни вработени во просек беше 224. Индиректните вработени извршуваат значајни услуги со кои ја помагаат нашата главна дејност: ископи, транспорт, одржување и техничка поддршка, хигиена и кетеринг.

Политиките за вработување кои УСЈЕ ги следи како дел од Групацијата ТИТАН првенствено се сосредоточуваат на луѓето од локалните и од соседните заедници.

Однесувањето во поглед на безбедноста при работа и пренесувањето на корпоративните вредности во практика се сметаат за клучни критериуми при годишното оценување на работата од страна на менаџерите.

Денот за комуникација со вработените се организира за да се воспостави директна комуникација со менаџментот, како и навремено споделување информации во врска со прашања кои се однесуваат на работните односи, условите и идните перспективи.



# Човекови права и еднакви можности

ТИТАН ја поддржува Универзалната декларација за човекови права и се залага за унапредување на основните човекови права во рамките на својата област на делување, како што се декларирани во Глобалниот договор на ОН. Почитувањето на човековите права е опфатено и во Политиката за безбедност и здравје на Групацијата и подеднакво се однесува како на директните, така и на индиректните вработени.

Покрај ова, почитувањето на човековите права е изразено преку практики кои овозможуваат застапеност, комуникација и активна вклученост на вработените во заложбите и постигнувањата на УСЈЕ. Нашата компанија нуди еднакви можности за сите, независно од полот, етничката и верската припадност, возраста итн. Тие се изразени во нашите политики и стратегии за човечки ресурси и се спроведуваат насекаде во организациската поставеност.

Еднаквите можности се загарантирани со Политиките за човечки ресурси како на ниво на Групацијата, така и на локално ниво на компанијата.

Следствено на ова:

- Над 86% од менаџерскиот тим во компанијата е сочинет од локален менаџмент;
- Застапеноста на жените на менаџерски позиции изнесува 32%;
- 18.5 % од сите вработени се жени;
- Повеќе од 13% од сите наши вработени се припадници на етничките малцинства.









## ФОРУМ ЗА БИЗНИС И ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА ОН, ЖЕНЕВА

УСЈЕ како дел од Групацијата ТИТАН присуствуваше и активно учествуваше на првиот Форум за бизнис и човекови права на Обединетите нации одржан во декември 2012 година во Женева. Менаџерот за човечки ресурси на УСЈЕ беше говорник на панел-сесијата „Водечки принципи и нов аудиториум – Предизвици и можности – Перспективи од учесниците во Глобалниот договор“ и ја претстави нашата држава и работење кое води кон глобалната цел за развој на света за човековите права на глобално ниво.

# Развој на човечки ресурси

Континуираниот развој на човечките ресурси претставува приоритет за УСЈЕ со кој се цели кон доживотно учење и унапредување на професионалните вештини и способности кои се неопходни за да се предвидат сегашните и идните предизвици.

Во 2012 година обезбедивме 5.800 часа обука за сите вработени или повеќе од 6.200 часа за вработените и изведувачите. Обезбедените часови обука надминуваат 18 часа по вработен.

УСЈЕ посвети дополнително внимание на програмите за обука и развој, проширувајќи го обемот и застапеноста на сите вработени од различни хиерархиски нивоа.

Беше изготвена Програма за развој на менаџерскиот тим на УСЈЕ, раководителите на сектори и инженери од различни области од менаџментот. Оваа Програма се организира како годишна програма за обука и се состои од серија семинари и работилници. Сите семинари се предводени од меѓународни експерти од различни области.

Развојните активности во поглед на животната средина беа насочени кон одржлив развој вклучувајќи и обуки во самата компанија за групи вработени на теми како што се управувањето со отпад и алтернативни горива. Дополнително, оваа година УСЈЕ ги прошири своите заложби за развој и кон изведувачите, преку организирање обука за селекција и управување со отпад и за вработените на изведувачите.

Исто така, воведени се и нови програми за обука и развој, како што е “Step Change” програмата.

## STEP ПРОГРАМА

Во согласност со корпоративната вредност за континуирано подобрување, се воведе програмата “STEP - Self Training E-learning Program” за вработените во УСЈЕ.

Станува збор за флексибилна и современа едногодишна програма која е приспособена на брзоразвојната и технолошки напредна работна средина. Содржината на онлајн-учењето е развиена од страна на Harvard Business Publishing, која е непрофитабилна организација во целосна сопственост на Harvard Business School, една од најпрестижните образовни институции во светот.

Целта на програмата е да се унапредат вештините на лидерство и менаџмент на нашите клучни вработени. Преку комбиниран пристап и усвојување најразлични методи на учење, како на пример студии на случаи, тестови за проценка и работилници, како модули за е-учење, се овозможува развој на култура на учење, пренесување знаење и негување на корпоративната култура на ТИТАН.

STEP програмата се осврнува на областите на менторство, лидерство и емоционална интелигенција. Таа обезбедува непосреден и постојан пристап до содржините, преку онлајн-платформа која е интерактивна и лесна за навигација. Станува збор за флексибилна развојна програма со оглед на фактот што учесниците може да учат со свое сопствено темпо и самите да ја сносат одговорноста за нејзиното завршување.



## ПРИДОНЕСИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ, НАДОМЕСТОЦИ И СОЦИЈАЛНИ ПРОГРАМИ

Бенефициите, надоместоците и програмите за добросостојба на вработените кои ги обезбедува УСЈЕ се многу повеќе од оние предвидени со Законот за работни односи и Општиот колективен договор. Покрај тоа, компанијата се грижи за добросостојбата на нашите вработени и нивните семејства, па оттаму нашите дополнителни бенефиции се усогласени со нивните потреби.

## ДОПОЛНИТЕЛНИ МЕДИЦИНСКИ ПРЕГЛЕДИ

Здравјето на нашите вработени претставува еден од приоритетите на нашата компанија. Законските услови кои се однесуваат на оваа област ги сметаме за основен минимум и настојуваме да ги прошириме бенефициите за здравствената заштита и превенција на сите вработени.

Од оваа година, како дополнение на пакетот дополнителни годишни прегледи, за нашите вработени воведовме дополнителни прегледи за остеопороза.

Од минатата година, редовните годишни медицински прегледи ги надополнивме со кардиолошки испитувања за сите вработени во УСЈЕ на возраст над 50 години. Испитувањата вклучуваат физикален преглед, индекс на телесна маса (BMI), ЕКГ, ехокардиографски преглед, коронарен стрес-тест, лабораториски анализи и дефинирање на кардиоваскуларниот ризик и предиктори за срцеви заболувања.

Вкупно 30.000 евра беа инвестирани во дополнителните мерки за здравствена превенција за нашите вработени.

## ЈУБИЛЕЈНИ НАГРАДИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Секоја година Цементарница УСЈЕ АД Скопје традиционално доделува јубилејни награди на своите вработени кои навршуваат 10, 20, 30, 35 и 40 години стаж во компанијата. УСЈЕ исклучително го вреднува и се гордее со трудот на своите вработени, нивните остварувања и придонес во остварувањето на стратешките цели и долгорочната одржливост на компанијата.

Оваа година церемонијата се одржа на Денот за комуникација со вработените (види страница 12).





## ПРОГРАМА ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА ДЕЦАТА НА НАШИТЕ ВРАБОТЕНИ

Со цел да создадеме повеќе можности за семејствата на нашите вработени, почнувајќи од 2003, секоја година компанијата ја спроведува Програмата за стипендирање на децата на нашите вработени. Со оваа програма компанијата доделува стипендии за сите деца на нашите вработени кои се успешни во текот на додипломските и постдипломските студии. Воедно, се доделуваат и стипендии на децата на нашите починати вработени.

Програмата има за цел подобрување на професионалните можности на децата на нашите вработени преку обезбедување поддршка на нивните студии, но истовремено обезбедувајќи и поддршка за високото образование како инвестиција во иднината на државата. Во 2012 година беа инвестирани 89.000 евра во образованието на децата на сите наши вработени во вид на стипендии и училишни пакети.



## УЧИЛИШЕН ПАКЕТ ЗА СЕКОЈ УЧЕНИК

Свесни за финансиските предизвици со кои се соочува секое семејство на почетокот на секоја училишна година, УСЈЕ одлучи да обезбеди дополнителна помош за нашите вработени. Од 2010 година, УСЈЕ обезбедува училишни пакети за децата на сите наши вработени. Училишните пакети се состојат од ранци и тетратки за сите основци и средношколци.

Покрај ова, секоја година компанијата организира новогодишна прослава за најмалите дечиња на вработените заедно да ги одбележат празниците. Децата добиваат подароци вклучувајќи и книги и енциклопедии за натамошно поттикнување на нивното образование.







# ЖИВОТНА СРЕДИНА И КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Свесни сме за нашето влијание врз природата и токму поради тоа грижата за животната средина претставува наш огромен приоритет во сите аспекти на нашето делување. Работењето на УСЈЕ во огромна мера зависи од користењето на природните ресурси. Прашината, бучавата, безбедносните ризици, менувањето на околината како резултат на користење суровини, емисии во воздухот, искористување на енергијата и водата се прашања кои се поврзани со нашето секојдневно работење. Оттаму, ние се залагаме за дејства со кои се намалува влијанието од нашето работење врз животната средина. Мониторингот, мерењето, известувањето, соработувањето, постојаното делување и подобрување се нашите начини за справување со овие прашања.

Преку нашиот КОО пристап се стремиме да се осврнеме на следниве главни еколошки прашања:

- Климатски промени
- Енергија и суровини
- Воздух и други емисии
- Биодиверзитет
- Вода

УСЈЕ континуирано се залага за справување со дефинираните предизвици за заштита на животната средина. Во оваа област, ние целосно ги имплементираме политиките на ТИТАН со кои се гарантира солидно и транспарентно управување со животната средина во согласност со најдобрите меѓународни практики. Покрај тоа, редовно вршиме аудит и ресертифицирање на Стандардот за управување со животната средина ISO 14001:2004. Околу 897.000 евра (~35% од буџетот за капитални инвестиции за 2012) беа потрошени на инвестиции, студии и основни средства од областа на екологијата во 2012 година.

УСЈЕ останува посветена на дејства со кои се овозможуваат поволни решенија како за животната средина така и за економијата. Работејќи заедно со нашите изведувачи, добавувачи, соработници и нашата заедница, посветени да постигнеме повеќе, ние постојано придонесуваме и инвестираме во животната средина за да направиме позитивна промена локално, регионално и глобално.

| Цел 2011 | Резултати 2012 | Цел 2015 |
|---|---|---|
| Финализирање на процесот за добивање на А-IPPC Дозвола од МЖСПП и имплементирање на планираните активности од Оперативниот план за годината | 95% од планираните активности од Оперативниот план се веќе имплементирани.<br>Започна прочистувањето на атмосферските води и води за измивање на улиците. | Целосна имплементација на Оперативниот план за А-IPPC дозволата |
| | Околу 897.000 евра (~35% од буџетот за капитални трошоци за 2012) се потрошија на еколошки инвестиции, студии и основни средства | |
| Намалување на емисиите на $CO_2$ во споредба со претходната година | Намалување од 1% на специфичните глобални $CO_2$ емисии по тон производ во споредба со претходната година | Континуирано намалување на емисиите на $CO_2$ |
| Прашина | 2,3 mg/Nm$^3$ за Печката 3 и 14,7 mg/Nm$^3$ клинкер за Печката 4 или 2.2 тона и 14.4 тона по печка | Веќе сме под целта за емисии на прашина 30 mg/Nm$^3$ |
| SOx | 18,2 mg/Nm$^3$ за Печката 3 и 31,5 mg/Nm$^3$ клинкер за Печката 4 или вкупно 30.9 тони по печка | Веќе сме под целта за емисии на SOx 400 mg/Nm$^3$ |
| NOx | 929 mg/Nm$^3$ за Печката 3 и 1013 mg/Nm$^3$ за Печката 4, или вкупно 862 и 992 тони по печка | Намалување на специфичните емисии на NOx до 1200 mg/Nm$^3$ |
| Учество во најмалку една глобална и национална иницијатива за заштита на животната средина и климатските промени | УСЈЕ стана пилот инсталација во земјата за имплементирање на PRTR протокол | Зголемување на нивото на учество во глобални и национални иницијативи за заштита на животната средина и климатските промени |



# ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА ЗА АТМОСФЕРСКИ И ПОВРШИНСКИ ВОДИ

Следејќи ја политиката за заштита на животната средина, Цементарница УСЈЕ воспостави систем за рационално користење на водите кој вклучува:

- водата од градскиот водовод се користи само за санитарни потреби;
- техничката вода (за ладење на опремата) се филтрира и рециркулира во затворен систем;
- канализациските отпадни води се целосно одделени од атмосферските води и се испуштаат во градската канализациска мрежа;
- атмосферската вода од фабриката и водата од миењето на улиците во фабриката се собираат и дренираат преку систем на отворени канали.



Како надградба на постојниот систем, Цементарница УЈСЕ во март 2013 година пушти во работа Пречистителна станица за атмосферските води и водите од миење на улиците во фабриката. Тоа е првата пречистителна станица за атмосферски води на територијата на Република Македонија. Како техничко-технолошко решение е избрана компактна пречистителна станица за механичко и хемиско прочистување на атмосферските води и водите од миење на улиците кои се оптоварени единствено со цврсти честички.

Со реализација на овој проект, Цементарница УСЈЕ исполнува повисоки стандарди од законски предвидените. Со оваа инвестиција завршени се сите обврски преземени со Оперативниот план од А-Интегрираната еколошка дозвола пред истекот на крајниот рок од април 2014 година.





# Мониторинг на емисиите

Мониторингот на емисиите претставува предуслов за контролирање и намалување на еколошките влијанија од производството на цемент. Во 2004 година, УСЈЕ беше првата компанија во државата што воведе независни системи за континуиран мониторинг на емисиите кои функционираат 24 часа. Ова ѝ овозможува на компанијата одблиску да ги следи емисиите во реално време и да презема соодветни дејства. Истовремено, на овој начин заинтересираните страни добиваат редовни, ажурирани информации за нашите резултати и работење. На наша иницијатива резултатите добиени од мониторингот се прикажуваат и на нашата веб-страница.

## МЕРЕЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА $CO_2$

Климатските промени се сметаат за најважен еколошки предизвик на денешницата. Природата на цементната индустрија е таква што произведува и емитува јаглероддиоксид ($CO_2$), а со тоа и придонесува за ефектот на стаклена градина и климатските промени. Директните емисии на $CO_2$ од самото производство на цемент се припишуваат на:

- декарбонизацијата, процесот на трансформирање на суровините (главно лапорец) во клинкер, кој е главната состојка на цементот;
- потрошувачката на гориво, вклучувајќи ги горивата кои се согоруваат во печките (мазут и петрол кокс), како и горива кои се користат за интерен транспорт, сушилници и котлари (мазут и природен гас) доведуваат до појава на $CO_2$ како резултат на хемиската реакција помеѓу јаглеродот (C) и кислородот ($O_2$).

Индиректните емисии на јаглероддиоксид се испуштаат за време на производството на електрична енергија која, пак, е неопходна за производство на клинкер и цемент, како и од транспортот на суровини, гориво и финални производи.

Како дел од Групацијата ТИТАН ги следиме WBCSD/CSI стандардите за пресметка и известување за емисиите на $CO_2$. Во 2012 година, директните емисии на $CO_2$ изнесуваа 0.57 милиони тони, што е за 6.6% помалку во споредба со претходната година, додека, пак, специфичните $CO_2$ емисии изнесуваа 887 kg $CO_2$/t клинкер, што е, пак, за 9kg $CO_2$/t клинкер помалку во споредба со 2011, односно 1%.






# МЕРКИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА $CO_2$ – ЗАМЕНА НА ФОСИЛНИТЕ СО АЛТЕРНАТИВНИ ГОРИВА

Цементарница УСЈЕ АД Скопје, следејќи ги позитивните светски искуства за употреба на обновливи извори на енергија, започна постапка за воведување на алтернативни горива во процесот на производство. Со овој проект како алтернативни горива се опфатени неопасни фракции на отпад и тоа: биомаса и RDF- гориво од фракции на комунален отпад кои поинаку не можат да се искористат.

Во рамки на постапката за оцена на влијанието врз животната средина од прокетот: „Воведување на алтернативни горива во Цементарница УСЈЕ", на 18.04.2012 година во 16,00 часот во просториите на Општина Кисела Вода се одржа јавна расправа за оваа иницијатива.

На јавната расправа присуствуваа претставници на државната и локална власт, највисокото раководство на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и претставник на независната консултантска фирма која ја изработи Студијата за оценка на влијание врз животната средина.

Јавната расправа помина во позитивна атмосфера со повеќе дискусии од представниците на власта, академската јавност и локалното население.

Сите присутни се согласија дека реализацијата на овој проект ќе има позитивно влијание и ќе имплицира воспоставување на одржлив систем за собирање и третман на целните отпадни фракции, искористување на нивниот енергетиски потенцијал, како и намалена потрошувачка на фосилни горива и емисии на стакленички гасови (CO2).

УСЈЕ продолжува со заложбите за уште еден исчекор кон глобалните трендови во цементната индустрија во насока на проширување на А интегрираната еколошка дозвола со замена на фосилните со алтернативни горива.

Веруваме дека со употребата на алтернативни горива во производниот процес ќе дадеме дополнителен придонес во севкупниот одржлив развој на нашето општество.





# Емисии во воздухот

## ПРАШИНА

Најголемите извори на прашина кај цементарниците се оџаците од печките и отворената опрема каде што се создава фугитивна прашина од транспортот на материјали.

Во 2012 година специфичните емисии на прашина изнесуваа 6 г/тон клинкер за Печката 3 и 48г/тон клинкер за Печката 4. Ова е еднакво на приближно 2.2 тони и 14.4 тони на годишно ниво. Емисиите на прашина се многупати под максимално дозволените граници кои се пропишани со локалните и европските законските барања. Просечната концентрација на прашина за Печката 3 изнесува 2.3 mg/Nm$^3$, а за Печката 4 14.7 mg/Nm$^3$. Максимално дозволената граница изнесува 50 mg/Nm$^3$.




## SOX

Присуството на сулфати во суровините кои се користат за производство на цемент е главната причина за испуштањето на SOx. Емисиите на SOx во УСЈЕ се значително под максимално дозволените граници кои се пропишани со применливите локални и ЕУ-регулативи. Просечната концентрација на SOx за Печката 3 изнесува 18.2 mg/Nm3, за Печката 4 изнесува 31.5 mg/Nm$^3$, додека, пак, максимално дозволената граница е 400 mg/Nm$^3$. Во 2012 година како резултат на нашето работење имаше специфични емисии од приближно 48.6 г/тон клинкер за Печката 3 и 103.4 г/тон клинкер за Печката 4 или вкупно 16.9 тони и 30.9 тони SOx.

Значајно намалување на емисиите на SOx кај двете печки во споредба со оние за 2011 година е резултат од имплементирањето на селективно експлоатирање во рудникот за лапорец.




## NOX

Согорувањето на високи температури предизвикува испуштање на NOx. Научните истражувања покажале дека испуштањето на NOx може да предизвика појава на кисели дождови и смог.

Во 2012 година, специфичните емисии на NOx во УСЈЕ изнесуваа 2487 г/тон клинкер за Печката 3 и 3326 г/тон за Печката 4 или вкупно 862, односно 992 тони NOx по печка. Вкупните емисии на NOx беа во рамките на границите пропишани со локалното и со законодавството на ЕУ. Просечната концентрација на NOx за Печката 3 изнесува 929 mg/Nm$^3$, односно 1013 mg/Nm3 за Печката 4, додека, пак, максимално дозволената граница е 1300 mg/Nm$^3$.




Ова е резултат на континуираните и систематски обиди да се постигне оптимално работење на пиропроцесните единици.



## ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ

Нема сомневање дека енергијата е основа на индустријата а потрошувачката на електрична енергија по жител е барометар на развојот на една земја. Сè поизразената свест за заштита на животна средина и постојаното зголемување на цената на електричната енергија, придонесуваат заштедата на енергија биде меѓу највисоките приоритети во секоја компанија одговорна за животната средина и општеството.

Во Цементарница Усје постои стратегија за намалување на потрошувачката на електрична енергија. Во тие рамки имаме систем на мерење на електрична енергија според кој точно знаеме во кој дел од фабриката колку киловат часа електрична енергија се троши за тон производ. Постојат меѓународни цели за потрошувачка на електрична енергија во цементна индустрија. Ние настојуваме да се приближиме кон тие стандарди и преземаме соодветни мерки за подобрување. На пример, наместо протокот на гасови во процесот да се контролира со пригушување (со примена на придушување се губат големи количества на енергија), на големите вентилатори кои ги има фабриката се дизајнира решение за регулација на брзината на моторот на вентилаторот, како енергетски најефикасен начин за регулација на протокот на гасови.

Во Цементарница Усје таква измена е направена кај поголемите вентилатори.а активностите продолжуваат и следните години кога последователни измени ќе бидат направени и на помалите вентилатори.



## УСЈЕ ПО ЧЕТВРТИ ПАТ ДЕЛ ОД ГЛОБАЛНАТА АКЦИЈА „ЧАС НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА“

Нашата компанија веќе четврта година по ред е дел од глобалната акција „Час на планетата Земја“ која ја доби поддршката на стотици милиони луѓе, компании и организации во 5.200 различни градови од 135 земји ширум светот, со што прерасна во најголемиот настан за заштита на животната средина.

УСЈЕ ги исклучи своите мелници за цемент со што се приклучи кон оваа глобална акција. Мелниците на компанијата останаа еден час без напојување со електрична енергија на 31 март годинава, кога во целиот свет поддржувачите и учесниците во оваа глобална акција го сторија истото.

Со исклучување на мелниците за цемент Цементарница УСЈЕ АД заштеди 10 MW/h електрична енергија, со што може да се покрие вкупната потрошувачката на повеќе од 3.000 домаќинства во Скопје. Истовремено, компанијата го исклучи и напојувањето со електрична енергија и во другите погони каде што тоа го дозволуваат мерките за безбедност и здравје при работа.








## УСЈЕ УЧЕСТВУВАШЕ ВО АКЦИЈАТА „ДЕН НА ДРВОТО – ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА“ ПО ДЕСЕТТИ ПАТ

Корпоративното волонтерство и грижата за животната средина претставуваат важни приоритети за УСЈЕ и се интегрален дел од нашата политика за општествена одговорност. Верувајќи дека делата говорат повеќе од зборовите, на 21.11.2012 УСЈЕ по десетти пат се приклучи кон акцијата „Ден на дрвото – Засади ја својата иднина“.

Цементарница УСЈЕ АД Скопје донираше 200 садници со висина од 150 до 170cm од коишто 100 јасени и 100 од зимзелениот вид Thuja Columnaris.

Околу дваесетина наши вработени заедно со менаџерскиот тим, преку оваа волонтерска акција ги засадија дрвцата на локација во општината Кисела Вода.

Нашата поддршка на акцијата „Ден на дрвото – Засади ја својата иднина“ е дел од нашите стратешки иницијативи за заштита на животната средина. Покрај другите активности, го подобруваме и хортикултурното уредување на образовните установи и јавниот простор во општината Кисела Вода со што придонесуваме кон подобрување на здравјето на граѓаните од нашето соседство и го поттикнуваме одржливиот развој на општината.









# ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАСЕГНАТИТЕ СТРАНИ

## СЛУШАМЕ И ДЕЛУВАМЕ

УСЈЕ има долгогодишна историја на соработка со локалните заедници во духот на чесност, заемна доверба и заеднички вредности, втемелени на концептот на ширење и додавање вредност.

Локалните заедници се едни од најзначајните засегнати страни за УСЈЕ. Градењето и одржувањето добри односи се засновани на заемно разбирање, споделување заеднички интереси и перспективи, како и делување во однос на потенцијалните забелешки, кои впрочем се столб на релевантните политики и практики на УСЈЕ.

Во 2012 година УСЈЕ продолжи да придонесува кон проектите за поддршка на локалната заедница со финансиски, човечки и технички ресурси. Приоритет беа долгорочните програми за развој на заедницата во вкупен износ од 65.000 евра.

Транспарентната комуникација и отворениот дијалог се суштествени за негување на заемната доверба и соработка со сите засегнати страни, а особено со вработените, локалната заедница, клиентите, добавувачите, акционерите, невладините организации и државните институции.

Како и да е, во сите случаи забележителна е значителна заложба за да се сослушаат, разберат и да се одговори на потребите на сите наши засегнати страни.

Со цел да примениме уште пострατешки пристап за вклучување на засегнатите страни и за споделување на вредноста создадена од УСЈЕ, веќе 4 години по ред го издаваме нашиот Извештај за КОО и одржлив развој. Стремејќи се кон натамошно јакнење на односите и продлабочување на нашата транспарентна комуникација и вклучување на сите наши засегнати страни, на 18 декември 2012 година УСЈЕ организираше настан за комуницирање со засегнатите страни. Сите релевантни партнери и заинтересирани страни, локалната заедница, клиенти, изведувачи и добавувачи, други бизниси, како и релевантни партнери од сферата на животната средина од МЖСПП, невладините организации, релевантни претставници на академските кругови беа поканети да дискутираат и да дадат свое согледување за податоците и целите изнесени во нашиот Извештај за КОО и одржлив развој за 2011 година.

| Цел 2011 | Резултати 2012 | Цел 2015 |
|---|---|---|
| Подобрување на здравјето и безбедноста во локалната заедница | Проектни инфраструктурни активности во 10 училишта во вредност од 33.000 евра<br>проширени со уште една градинка | Продолжување на проектот Партнерство со училиштата.<br>Проширување на иницијативите за Б & З во локалните заедници во поглед на доменот и содржината.<br>Проширување со вклучување други бизниси |
| Обезбедување директна поддршка за образовните можности на учениците и студентите во заедницата | 68 студенти – деца на наши вработени добија стипендии,<br>4 студенти добија стипендии за МБА студии,<br>60 ученици ја посетија фабриката,<br>13 студенти беа на пракса во компанијата | Политика на компаниски Отворен ден и воведување на проектот *Професионална ориентација*.<br>Продолжување со стипендиите за додипломски и МБА студии за младите луѓе во државата |
| Различни корпоративни доброволни активности со најмалку една нова иницијатива | Учество на нашите вработени во иницијативата „Македонија без отпад 2012“ | Зголемување на бројот на вработени кои се вклучени во корпоративни доброволни иницијативи.<br>Соработка со Црвениот крст на Македонија |

# Претставување на нашиот трет Извештај за КОО и одржлив развој за 2011

## РАЗВОЈОТ НА КОМПАНИЈАТА МОРА ДА ГО ПОТТИКНУВА И РАЗВОЈОТ НА ЗАЕДНИЦАТА

За да обезбедат долгорочен развој и одржливост на својот бизнис, компаниите се залагаат да дадат придонес кон развојот на заедницата. Ваквиот пристап е основен предуслов за успехот на секоја компанија. Во таа насока, Цементарница УСЈЕ АД Скопје го презентираше својот Извештај за корпоративна општествена одговорност и одржлив развој за 2011 година и организираше тркалезни маси на кои се дискутираше за ефектите од преземените активности во заедницата.

Во дискусијата за Извештајот за корпоративна општествена одговорност и одржлив развој учествуваа претставници на компаниите, институциите и членови на заедницата со кои соработува компанијата. „Вклучување и развој на заедницата – одговорно бизнис делување", „Одржливо производство и животна средина" и „Општествена одговорност – потрошувачи и купувачи" беа трите тематски целини на кои се водеа дискусиите помеѓу присутните.

На секоја тркалезна маса присуствуваа по 15-20 учесници од релевантната група на засегнати страни, вклучувајќи ги и нашите менаџери. Темите кои се дискутираа на трите тркалезни маси беа: синергетски проекти за КОО со нашите добавувачи и клиенти, заштита на животната средина и одржливо производство и заеднички проекти за развој на заедницата со бизнис лидерите и другите бизниси на локално и на национално ниво.





На тркалезните маси присутните ги искажаа своите ставови и мислења во однос на досега преземените активности и разменија искуства за активностите на овој план.









# ВРЕДНУВАЊЕ НА КЛИЕНТИТЕ

УСЈЕ има политика за излегување во пресрет на потребите на клиентите заземајќи проактивно одговорен став кон нивните очекувања. Потребата од нови производи ќе биде уште позначајна во иднина, па оттаму инвестираме во истражување и развој и бараме решенија кои може да се приспособат на локалните потреби и кои може да се подобри во однос на влијанијата врз животната средина.

Нашите производи се развиени за да одговорат на потребите на нашите ценети корисници.

Со цел да им се даде дополнителна вредност на нашите клиенти, да се зајакнат нашите односи и да се изгради средина на доверба и поддршка, менаџерскиот тим на компанијата, заедно со претставници од Секторот за продажба, лично ги посетија и одржаа средби со сите наши директни и индиректни клиенти. На средбите добивме повратни информации од клиентите во поглед на квалитетот и нивното задоволство од нашата заедничка соработка.

Овие заеднички посети на претставници од Секторот за продажба, менаџери и клучни вработени од останатите сектори овозможуваат директен контакт со нашите клиенти, а со тоа укажуваат на поголема почит кон. Преку овој заеднички потфат сите директно може да ги осознаат забелешките на клиентите и да сфатат дека нивното задоволство претставува заложба на компанијата во целост и дека нашата цел е со секоја дејност да овозможиме задоволство на клиентите.

Во 2012 година, со цел поголема поддршка на нашите клиенти и овозможување нивна директна вклученост во процесот на испорака на нашите производи, ја воведовме услугата е-налог. Со е-налогот се овозможени неколку услуги на клиентите со кои се подобрува нивното секојдневно работење. Услугата вклучува директно издавање налози за товарење, следење на статусот на сопствената порачка, како и директен увид во нивната материјална и финансиска картичка. На ваков транспарентен начин, УСЈЕ се стреми кон директна вклученост на клиентите во нашето работење, а со тоа им заштедува време и напор за испорака на производите.






# РАЗВОЈ НА ЗАЕДНИЦАТА

## Цементарница УСЈЕ домаќин на дечињата од градинката „8-ми Март“

Цементарница УСЈЕ со задоволство ги отвори вратите за дечињата од градинката „8-ми Март“ од Пржино. На 08.05.2012, петнаесет дечиња придружувани од своите учителки беа наши гости и поставуваа прашања за цементот и неговата употреба. Во согласност со образовната програма на градинката, децата нагледно беа запознаени со цементот – материјал од кој се изградени нивните домови, како и сите куќи и згради, мостови итн. За децата особено интересна беше нашата лабораторија.













# Проект Партнерство со училиштата

Следејќи ја својата стратешка определба за поддршка на образованието и образовниот процес во државата, како и нашата заложба за безбедност и здравје, за животната средина и знаење, УСЈЕ континуирано ги поддржува државните училишта во општината.

Проектот има за цел подобрување на здравјето и безбедноста, како и на еколошките услови во училиштата и градинките од локалната заедница каде што нашата компанија работи, како и подигање на свеста на децата за нивното сопствено здравје и безбедност, а со тоа и негување на култура на безбедност и здравје уште од раните стадиуми на образование.

Во рамките на Проектот се стремиме да ја прошириме нашата КОО и да ги опфатиме и нашите добавувачи и изведувачи, а со самиот КОО проект да поттикнеме и други компании кои работат во нашата општина и тие да придонесат кон развој на заедницата.

Со овој проект се опфатени осум основни училишта, едно училиште за деца со посебни потреби и 2 градинки со 4 различни објекти лоцирани на територијата на општината Кисела Вода со вкупно опфатени 6.650 деца од училиштата и 671 вработен во училиштата.

Од самиот почеток на Проектот, инвестирани се повеќе од 100.000 евра во материјали и во работна рака. Воедно нашето раководство и нашите вработени беа ангажирани повеќе од 3.000 часа, додека, пак, персоналот на нашите изведувачи и добавувачи беше ангажиран повеќе од 6.500 часа.

Одговорните менаџери и тим составен од вработените во нивните сектори ги координираа и имплементираа сите активности.

Безбедноста и здравјето на нашите деца е главната цел на нашиот проект. Во таа смисла заради подобрување на нивниот престој на училиште во 5 училишта и во една градинка старите и оштетени или целосно уништени огради беа заменети со нови огради во вкупна должина од 540 метри.

Нашиот изведувач беше делумно доброволно ангажиран во Проектот со поставување на оградите во училиштата.

Некои од активностите беа изведувани како заеднички активности во соработка со наставниците, децата и вработените од УСЈЕ.










*Вработените во УСЈЕ ја фарбаат новопоставената ограда во градинката „Весели цветови“*

Како дополнителна поддршка на инфраструктурата и условите во училиштата, донираВме бетон и извршивме бетонирање на патеки, игралишта, паркинзи и темели во област од **1.000** квадратни метри во сите училишта. ДонираВме и други материјали како челик, арматура, песок, малтер, бетонски елементи и ги изведовме градежните работи неопходни за подобрување на здравствените и безбедносните услови и за заштита на децата за време на нивниот престој на училиште.







Имајќи ја за цел енергетската ефикасност и заштитата на безбедноста и здравјето на децата, ги замениВме старите и оштетени прозорци со нови алуминиумски прозорци во 3 училишта, а на некои од прозорците се заварија и заштитни решетки.




*Се реконструираше главниот влез на училиштето. УСЈЕ ги урна старите скали и старите искршени бетонски жардиниери и изгради нови скали со ракофатни огради и рампа со ракофатни огради за лица со хедикеп.*




*Се исчистија отворите од подрумите полни со отпад, се отстрани отпадот и се поставија нови метални плочи за да се покријат отворите.*




*Во едно училиште и 2 градинки се донираа и се поставија реквизити за игралиштата.*







*Се донираа и се транспортираа песок и усјемал за да се добие малтер за уништените делови од фасадата пред да се пејде на фарбање. Целата фасада беше обложена со донација добиена од компанија на наш корисник како основа пред фарбањето. Воедно воспоставивме соработка со уште една компанија за донирање боја и се исфарба фасадата во целост.*

Резултатите од првата година беа пресудни за Проектот да продолжи и во 2011 и 2012 година со вклучување на уште едно основно училиште за деца со посебни потреби и уште една градинка, со што впрочем се опфатија сите училишта и градинки на територијата на Кисела Вода.

## ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА





За време на интеракцијата со нашите партнери на овој проект, целосно ги осознаваме нивните идни потреби.

Ние во Цементарница УСЈЕ АД Скопје сакаме да им помогнеме на младите луѓе во осознавањето на нивните интереси, таленти и афинитети преку директно презентирање на професиите на учениците од осмо одделение од основните училишта и да им помогнеме да ја изберат својата идна кариера. Оттаму, во рамките на проектот Партнерство со училиштата, УСЈЕ организираше посети и прошетки низ компанијата, како и директно запознавање со вработените и со раководството. Учениците одблиску се запознаа со нивните работни места, работната средина, однесување, одговорности и секојдневни активности.

За времетраењето на Проектот, повеќе од 150 ученици од осмите одделенија при основните училишта во нашата општина имаа можност да ги посетат Секторот за финансии и Секторот за квалитет и директно да се запознаат со нивното работење и процеси. Учениците кои учествуваа во овој проект ги проширија своите познавања за работните места и занимања во вистинскиот живот и во една вистинска компанија, а во насока на поедноставно утврдување на нивните потенцијални идни професии.

## ЕКО ЧАС





Со цел развивање на свеста кај младата популација за заштита и унапредување на животната средина, Цементарница УСЈЕ АД Скопје, во рамките на проектот Партнерство со училиштата, започна со еколошки обуки во основните училишта на територијата на општината Кисела Вода.

Активностите започнаа со еколошки час каде што на учениците од четврто одделение им беа презентирани позитивни примери и активности за постапување со отпад (сепарирање и рециклирање), како и заштеда на енергија и вода кои самите можат да ги практикуваат.

Нашиот менаџер за животна средина и инженерот за животна средина со своите поединечни заложби и техничко знаење ги пренесоа пораките на едноставен начин преку кратка презентација, а учениците со задоволство прифатија да изготват свои творби на неупотребена хартија од вреќи за цемент. Цртежите и другите творби изработени на еколошкиот час се изложија во училиштето со што пораките за здрава животна средина се пренесоа до нивните врсници.

На сите ученици кои учествуваа на еколошкиот час, Цементарница УСЈЕ им подари книга како спомен и потсетување дека сите заедно сме одговорни за животната средина.

## САДЕЊЕ ДРВЦА И ДРУГО ХОРТИКУЛТУРНО УРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ДВОРОВИ





Тежнеејќи кон подигање на свеста на учениците за важноста од заштитата на животната средина, континуирано донираме и засадуваме дрвца во основните училишта и градинките на територијата на општината Кисела Вода.

Секоја пролет и есен компанијата организира акции за засадување дрвца во дворовите на основните училишта и на градинките.

Досега повеќе од 600 дрвца се засадени во дворовите на училиштата и на градинките од страна на нашето раководство и на нашите вработени и со помош на децата и наставниците од училиштата.

# КОРПОРАТИВНО ВОЛОНТИРАЊЕ




## УСЈЕ ДЕЛ ОД ИНИЦИЈАТИВАТА „МАКЕДОНИЈА БЕЗ ОТПАД 2012“

Светската акција World Cleanup 2012 се одржува во периодот од март до септември во повеќе од 100 земји низ светот. Во глобални рамки ќе бидат исчистени тони нелегално одложен отпад. Македонија е дел од оваа приказна.





Во пресрет на Денот на планетата Земја, на 21 април 2012 година се одржа пролетна акција во општините Кисела Вода, Дојран, Струга и Сарај, а на 22 април во општината Липково. Овие пилот-акции се почеток на кампањата за расчистување на дивите депонии „Македонија без отпад 2012“, со која Македонија се вклучува во светската акција за чистење на отпадот Let’s Do It! World 2012.

Промовирајќи го концептот на корпоративно волонтирање и водејќи се од својата посветеност за грижата на животната средина, Цементарница УСЈЕ со своите вработени со задоволство пристапи кон оваа иницијатива. Одвоивме дел од викендот, ги засукавме ракавите и се фативме за работа. Повеќе од 40 вработени на УСЈЕ, вклучувајќи дел од менаџментот, волонтираа на територијата на општината Кисела Вода на три локации: населбата Расадник, ул. Борис Трајковски и целото окружување на фабриката. Отпадот од депониите се собираше и се селектираше во вреќи со различни бои, со цел да се олесни неговото издвојување, транспорт и рециклирање.





Поддршката на акцијата „Ајде Македонија!“ соодветствува на нашите стратешки иницијативи за заштита на животната средина во рамките на општествената одговорност на претпријатието. Дополнително со ваквите акции, Цементарница Усје, со доброволно учество на своите вработени, придонесува за подобрување на здравјето на граѓаните од соседството.



# ПРИЗНАНИЈА И НАГРАДИ








## УСЈЕ ОСВОИ НАЦИОНАЛНА НАГРАДА ЗА НАЈДОБРИ ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНИ ПРАКТИКИ

Цементарница УСЈЕ АД Скопје освои прва награда, Националната награда за општествена одговорност, во категоријата Односи на пазарот со проектот „Поддршка на купувачите". Националните награди за најдобри општествено одговорни практики за 2012 година се организирани од Националното координативно тело за општествена одговорност на претпријатијата, поддржани од Европската Унија, а спроведени од Министерството за економија во партнерство со невладината организација „Зенит".

Оваа година, шеста по ред откако се реализира овој настан, конкурираа 43 компании од земјата со 66 проекти.

Покрај првата награда, УСЈЕ доби и Признание во категоријата Животна средина со проектот Третман на атмосферски и површински води во Цементарница УСЈЕ.

Овие награди претставуваат признание на нашите заложби за задоволство на купувачите што е еден од врвните приоритети на нашата компанија и нашата политика за општествена одговорност, како и нашите напори и посветеност за заштита на животната средина.

УСЈЕ стратешки се залага да биде одговорен корпоративен субјект и да придонесува за растот и добросостојбата на сите засегнати страни, вклучувајќи ги и нашите купувачи, добавувачи, животната средина и општеството како целина.

## УСЈЕ ЈА ОСВОИ НАЦИОНАЛНАТА НАГРАДА ЗА НАЈДОБРА ПРАКТИКА ВО БЗР ЗА 2012

Цементарница УСЈЕ беше наградена со „Националната награда за добра практика во БЗР за 2012 година". Овој настан е организиран од Македонското здружение за заштита при работа (МЗЗПР) во соработка со социјалните партнери, „Државниот инспекторат за труд и БЗР", „Сојузот на Синдикати на Македонија", „Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија" и „Организацијата на работодавци на Македонија".

Свечената церемонија на доделување на наградите се одржа за време на „Меѓународната конференција за Национални стратегии за БЗР" на 26 април 2013, во Маврово. УСЈЕ учествуваше со својата Програма за „Интерна обука за безбедност и здравје при работа" како најдобра практика и ја освои Националната награда во конкуренција од 16 компании.

Посветеноста на УСЈЕ да ги одржи безбедноста и здравјето како прв приоритет е применета преку постојана обука на секој вработен. За оваа цел ја развивме програмата за предавања во среда којашто се одржува од ноември 2004 година од страна на Секторот за безбедност и здравје при работа, а е посетена од сите вработени во компанијата. Предавањата се одржуваат седмично со специфични теми во циклус, а вработените се охрабрени да се вклучат во консултациите и комуникацијата за прашања во однос на безбедноста и здравјето што влијаат на нивната работа.

Оваа награда е потврда на нашата посветеност и заложби за исполнување на нашата визија за обезбедување здрава работна средина без инциденти, повреди и несреќи, но исто така и наше охрабрување да продолжиме и во иднина.
Пристапот на компанијата за намалување на ризиците на работа е континуиран и заеднички напор на раководството и на вработените. Усвоивме систематски пристап кон безбедноста и здравјето при работа за да постигнеме постојано подобрување на резултатите во овој аспект.



# ИНИЦИЈАТИВАТА ГЛОБАЛЕН ДОГОВОР НА ОН

## УСЈЕ ОСТАНУВА АКТИВЕН ЧЛЕН ВО ЛИДЕРСТВОТО НА МРЕЖАТА НА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР

Обезбедување одржлив развој е одговорност на македонските компании. Примената на најновите светски практики за обезбедување долгорочен одржлив развој на компаниите преку поголема примена на принципите на Глобалниот договор во секојдневното работење на македонските компании беше главната тема на годишната конференција на Македонската мрежа на Глобалниот договор „Во чекор со светските збиднувања", што на 7.11.2012 година се одржа во Скопје.

Во насока на унапредување на практиките од оваа област во македонскиот реален сектор и следење на најновите трендови во оваа област, Мрежата е активна на меѓународен план земајќи учество на конференции како Средбата на европските мрежи на ГД, за што говореше Магдалена Славејкова, менаџер за човечки ресурси на Цементарница УСЈЕ АД Скопје.

На конференцијата присуствуваа претставници на деловниот сектор, здруженија, претставници на институции и на Националното координативно тело за општествена одговорност. Свои излагања на конференцијата имаа и помошникот на постојаниот претставник на УНДП во Македонија, како и претставничката на Делегацијата на Европската Унија.

| Цел 2011 | Резултати 2012 | Цел 2015 |
|---|---|---|
| Активен член во Одборот на Македонската мрежа на Глобалниот договор | УСЈЕ активно учествува и ја претставува локалната мрежа како општествено одговорна компанија во државата и во меѓународни рамки преку:<br>– говорници за човекови права во индустријата за цемент/Б & З на Првата регионална конференција на локални мрежи на ГД во Солун;<br>– панелисти на Првата конференција за бизнис и човекови права во Женева;<br>– присуство на Третата европска конференција на локални мрежи од Глобалниот договор на ОН во Белград | Активно градење и јакнење на лидерството на Македонската мрежа на Глобалниот договор |
| Поддршка на имплементирањето на иницијативите од Македонската мрежа на Глобалниот договор | УСЈЕ активно ја поддржа Мрежата на Глобалниот договор, вклучувајќи и поддршка на:<br>– годишна конференција;<br>– презентација и пренесување на принципите за КОО на компанијата | Поддршка на имплементирањето на иницијативите од Македонската мрежа на Глобалниот договор |
| Промовирање на концептот на КОО и на Глобалниот договор на ОН пред јавноста | Пренесување на КОО принципите на нашите добавувачи, изведувачи, корисници, НВО и други засегнати страни на отворени тркалезни маси | Активно вклучување во активности за проширено и подобро разбирање на контекстот и примената на десетте универзални принципи на Глобалниот договор на ОН во локален контекст |

## ЗА ГЛОБАЛНИОТ ДОГОВОР НА ОН

Глобалниот договор е најголемата доброволна иницијатива за општествена одговорност на компаниите ширум светот и произлегува од Обединетите нации. Овој Договор се темели на десетте принципи кои ги опфаќаат областите на човекови права, незлоупотреба на детскиот труд, животна средина и борба против корупцијата. Компаниите-членки на Глобалниот договор на ОН ги прифаќаат овие принципи и ги применуваат во своето секојдневно работење, а со тоа претставуваат движечка сила на глобалниот развој, преку конкретен придонес за заедницата во којашто работат. Глобалниот договор е најголемата доброволна иницијатива за општествена одговорност со над 8.700 членки во 130 држави ширум светот. Групацијата ТИТАН, матичната компанија на УСЈЕ, е членка на Глобалниот договор на ОН од 2002 година. Македонската мрежа на Глобалниот договор е воспоставена во 2004 година. УСЈЕ се придружи на Мрежата во 2008 година.

Со приклучувањето кон Глобалниот договор во декември 2008 година, УСЈЕ на локално ниво ги прифати десетте принципи за добро корпоративно управување што се основа на овој Договор. Групацијата ТИТАН, матичната компанија на УСЈЕ, е членка на Глобалниот договор на ОН уште од 2002 година.

| Принципи на Глобалниот договор | Повикување на Иницијативата за глобално известување | Повикување на УСЈЕ (делови во овој Извештај) |
|---|---|---|
| **Принцип 1**<br>Бизнисите треба да ја поддржуваат и почитуваат заштитата на меѓународно прогласените човекови права | HR1, HR2, HR3, HR4 | Безбедност и здравје<br>Нашите луѓе |
| **Принцип 2**<br>Бизнисите треба да се уверат дека не се соучесници во злоупотреби и прекршувања на човековите права | HR2, HR3 | Нашите луѓе |
| **Принцип 3**<br>Бизнисите треба да ја поддржуваат слободата на здружување и ефикасно признавање на правото на колективно договарање | HR5, LA3, LA4 | Нашите луѓе |
| **Принцип 4**<br>Бизнисите треба да го поддржуваат елиминирањето на сите форми на принудна и присилна работа | HR7 | Нашите луѓе |
| **Принцип 5**<br>Бизнисите треба да го поддржуваат ефективното укинување на детскиот труд | HR6 | Нашите луѓе |
| **Принцип 6**<br>Бизнисите треба да го поддржуваат елиминирањето на дискриминацијата во однос на вработувањето и професијата | HR4,LA10, LA11 | Нашите луѓе |
| **Принцип 7**<br>Бизнисите треба да го поттикнуваат пристапот на претпазливост во однос на еколошките предизвици | EN1 - EN30 | Нашето делување<br>Животна средина и климатски промени |
| **Принцип 8**<br>Бизнисите треба да преземат иницијативи за унапредување на поголема еколошка одговорност | EN1 - EN30 | Нашето делување<br>Животна средина и климатски промени |
| **Принцип 9**<br>Бизнисите треба да го охрабруваат развојот и ширењето на еколошки здрави технологии | EN1 - EN30 | Нашето делување<br>Животна средина и климатски промени |
| **Принцип 10**<br>Бизнисите треба да работат против сите форми на корупција, вклучувајќи изнудување и мито | SO2, SO3 | Профил на Групацијата ТИТАН<br>КОО и Корпоративно управување |


















Цементарница УСЈЕ АД Скопје
Борис Трајковски 94, 1000 Скопје
Тел. + 389 (2) 2782 500
e-mail: contact@usje.com.mk
www.usje.com.mk